ОПШТИНА БУТЕЛ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр.09-1474/12 од 28.07 2025 година
Скопје

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18; и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19; 14/20; 215/21: 99/22 и и 208/24) и член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 202/24), Градоначалникот на Општина Бутел донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2025 за пополнување на работно место со унапредување

1. За извршител на работно место **Раководител на одделение за урбанизам, просторно планирање и градежништво** во Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој со шифра **УПР 0101 Б04 000** со звање **Раководител на одделение** се **ИЗБИРА** кандидатот **Анета Велковска**.
2. По конечноста на Одлуката, Градоначалникот на Општина Бутел ќе донесе Решение за унапредување на избраниот административен службеник од точка 1 на оваа Одлука.
3. Одлуката да се објави на интернет страната на Општина Бутел.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

На ден 08.07.2025 година е објавен Интерен оглас број 01/2025 на интернет страниците на Агенција за администрација и на Општина Бутел за унапредување на административен службеник во Општина Бутел.

Со Решение **бр.09-1474/9** од **25.07.2025** година формирана е Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви записник од административна селекција за интерен оглас, **бр.09-1474/10** од **25.07.2025** година и Записник од спроведување на интервју, **бр.09-1474/11** од **25.07.2025** година.

Врз основа на записникот од финалната ранг листа интервјуираните кандидати, за работно место **Раководител на одделение за урбанизам, просторно планирање и градежништво,** Градоначалникот донесе Одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против оваа Одлука за избор, кандидатот има право на жалба во рок од 8 (осум) дена до Агенцијата за администрација, од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страната на Општина Бутел.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА БУТЕЛ
ДАРКО КОСТОВСКИ

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Архивата
- Одделение за управување човечки ресурси